# ИЗВЕШТАЈ ЗА АНТИКОРУПЦИСКА ПРОВЕРКА НА
# ЗАКОН ЗА УЧЕБНИЦИ ЗА ОСНОВНО И СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ

**Наслов: Закон за учебници за основно и средно образование**

**Постапено по сопствена иницијатива на Државната комисија за спречување на корупцијата согласно Планот и динамиката за 2017 година усвоен од страна на Државната комисија за спречување на корупцијата.**

**Област**: **Образование**

## Генерална оценка

### 1. Осврт:

Со Законот за учебници за основно и средно образование (Службен весник на РМ бр. 98/2008, 99/2009, 83/2010, 36/2011, 135/2011, 46/2012 , 24/2013, 120/2013, 29/2014, 146/2015, 217/2015 и 30/2016) се уредува издавањето на учебниците за основното и средното образование.

### 2. Разгледани / консултирани дополнителни материјали:

- Закон за основното образование (Службен весник на РМ бр. 103/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015 и 30/2016)
- Закон за средното образование (Службен весник на РМ бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015 и 145/2015)

- Закон за педагошката служба (Службен весник на РМ бр. 18/2011 и 41/2014)
- Закон за Бирото за развој на образованието (Службен весник на РМ бр. 37/2006, 142/2008, 148/2009, 69/2013, 120/2013, 148/2013 и 41/2014)

Државната Комисија за спречување на корупција согласно Законот за спречување на корупција (чл.49. став.1 точка 3) и Законот за спречување на судир на интереси (член 21. став. 1 точка. 2), применувајќи ја Методологијата за Антикорупциска проверка на легислативата а постапувајќи по сопствена иницијатива согласно планот и динамиката за 2017 година усвоен од страна на Државната комисија за спречување на корупцијата го донесе следниот:

## Заклучок

Државната комисија за спречување на корупцијата по извршената антикорупциска проверка односно анализа и оценка на формата и содржината на Законот за учебници за основно и средно образование, утврди постоење на корупциски ризици.

Имено, согласно Методологијата за антикорупциска проверка на легислативата во која е содржана и листата на ризиците од корупцијата, а врз основа на која се спроведе и анализата и проверката на предметниот закон, ДКСК утврди дека во конкретниот случај постојат ризици од корупција во примената на дискреционото овластување и непредвидените санкции.

## Образложение

При целосната анализа и проверка на Законот за учебници за основно и средно образование се констатирани ризици од корупција во следните одредби:

**Член 6 – а.**

Со проверка на член 6 – а во ставот 2, кој гласи: „Министерството, по предлог на комисија формирана од министерот, дава согласност за употреба на стручна литература, односно детски списанија во основното и средното училиште, по претходно мислење од Бирото, односно од Центарот за стручно образование и обука" се оценува дека не е прецизно определена Комисијата која ја формира министерот за давање на согласност за употреба на стручна литература, односно детски списанија во основното и средното училиште, и дека не се утврдени критериумите за избор на членовите во наведената Комисија.

Констатирајќи го погоре наведеното, укажуваме на неопходна потреба од прецизно одредување на критериумите и условите за избор на членови во Комисијата, одредување на бројот, профилот и мандатот на членовите во Комисијата како и да се одреди кој е предлагачот на составот на Комисијата, со што би се избегнала можноста за постоење ризик од дискреционо овластување. Во однос на членовите на Комисијата би требало да се предвидат и одредби за спречување на судирот на интереси.

**Член 9.**

Со проверката на член 9 кој гласи: „доколку оцени дека има битни пропусти и недоследности во стручното вреднување на ракописите за учебници по соодветните предмети од рецензентските комисии, може истото да не го прифати, да ја распушти рецензентската комисија и да формира стручен тим составен од најмалку три члена од редот на наставници во основно, средно и високо образование кои ги исполнуваат условите за рецензенти на ракописи на учебници и кој ќе изврши ревизија на стручното вреднување на ракописите за учебници " се оценува дека не се утврдени критериумите за избор на лицата кои ќе го сочинуваат стручниот тим, а воедно не се прецизно определени изборот и процедурата за избор на тие лица .

Во овој член се укажува на неопходна потреба од прецизно одредување на критериумите и услови за избор на лицата во стручниот тим, како и прецизно одредување на процедурата за нивниот избор.

**Член 10.**

Во ставот 2 од овој член, каде е наведено „Автор на учебник може да биде и лице со високо образование, магистер или доктор на науки чие образование е соодветно според

наставната програма за предметот за кој е наменет учебникот и кој има најмалку десет години работно искуство како наставник во основно, средно или високо образование соодветно според наставната програма за предметот за кој е наменет учебникот" употребен е терминот „може" кој што остава простор за толкување, а со тоа и за широка примена на дискреционите овластувања. Изразот „може" во одредени околности претставува непрецизна одредба која покрај несигурност остава простор за постоење на висок корупциски ризик. Во овој член се посочува и на потребата од дообјаснување во поглед на ставот 2, и дали истиот уредува исклучок и во кој случај ќе се применува.

**Член 13-а.**

Со проверката на член 13-а став 8 кој гласи „ Одобрениот адаптиран учебник од странство Министерството го откупува согласно со закон " се констатира дека не е прецизно наведено со кој закон Министерството го откупува одобрениот адаптиран учебник од странство. Укажуваме на потребата од прецизно наведување на законот со кој Министерството ќе го откупи одобрениот адаптиран учебник од странство.

**Член 22.**

Во текстот на членот 22 кој гласи: „Учебникот не смее да содржи рекламни пораки и огласи" , има ризик од непредвидени санкции за тоа доколку би се содржеле рекламни пораки и огласи во учебникот односно чија е одговорноста за така издадениот учебник. Укажуваме на неопходна потреба од предвидување на санкции за телата што учествувале во постапката за одобрување и печатење на учебникот како и мерки за отстранување на рекламните пораки и огласи од учебникот.

**Член 24.**

Со проверка на член 24 став 2 кој гласи: „Наставниците се должни да им укажат на учениците и родителите дека учебниците не смеат да се оштетуваат, потцртуваат или да се означуваат одделни делови од текстот во учебникот" се оценува дека не се предвидени санкции за непочитувањето на одредбите од овој член. Како и во претходниот член, се укажува на неопходна потреба од предвидување на санкции во прекршочните одредби на овој закон за постапување спротивно на одредбите наведени во овој член .

## Заклучоци и препораки

Државната комисија за спречување на корупцијата по спроведената анализа и проверка на текстот на Законот и констатираните ризици од корупција донесе заклучок Министерството за образование и наука да ги прецизира посочените законски одредби во текстот на Законот, а со цел елиминирање на ризиците и тоа во насока на:

- Прецизирање на критериумите и условите за избор на членови во Комисијата, одредување на бројот, профилот и мандатот на членовите во Комисијата како и прецизирање на предлагачот на составот на Комисијата;
- Прецизирање на критериумите и условите за избор на лицата во стручниот тим, како и прецизно одредување на процедурата за нивниот избор и
- Предвидување на санкции во прекршочните одредби и мерки во случај на постапување спротивно на одредбите .